РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-75
10.03 2022 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-779/1 од 25.02.2022 година, а во согласност со Заклучокот бр.02-320/4 од 24.01.2020 година и Заклучокот арх.бр.02-915/5 од 10.03.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 10.03.2022 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 10 февруари 2022, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 07,00 до 19,00 часот.
Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-779/1 од 25.02.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗААВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена во случаите кога е извршена повреда на одредбите од

ЗААВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 92 став 1 и 3 од ЗААВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 24-ти февруари 2022 г., изврши контролен, програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 10-ти февруари 2022 г., на локално ниво, при што констатираше прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Имено, со надзорот е констатирано дека радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр.03-445 од 23.12.2021 г.) и дека на 10 февруари 2022 година, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуваше 1 час 2 минути и 32 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 4.43% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 31 минута и 43 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 10 февруари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:31:43), е 7 часа 3 минути и 31 секунда. ТВ ГУРРА емитуваше за 6 часа и 59 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Половина од законскиот минимум (од 07:03:31) е 3 часа 31 минута и 45 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 1 час 2 минути и 32 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 2 часа 29 минути и 13 секунди помалку од потребниот минимум. Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-779/1 од 25.02.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево на 25.02.2022 г., испрати Допис арх.бр.10-779/2 од 25.02.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-779/1 од 25.02.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗААВМУ. Во предвидениот рок, ТРД ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не се изјасни за стореното прекршување.

Согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-320/4 од 24.01.2020 г., за констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерки јавна опомена според роковите утврдени во Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г.

Оттука, имајќи го предвид напред цитираниот Заклучок и фактот дека Решението за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-445 од 23.12.2021 г.), е донесено во 2021 г., а согласно Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-779/1 од 25.02.2022 година прекршувањето од точка 1. на ова Решение е сторено на 10 февруари 2022 г., Советот на Агенцијата одлучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г. и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-779/1 од 25.02.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗААВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 10.03.2022 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-915/5 од 10.03.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова

Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗААВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

______________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-779/1 од 25.02.2022 година.

**Доставено до:**

-ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Управителот на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 25-02-2022

| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 779 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 февруари 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 февруари 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 23 декември 2021 година, за непочитување на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-445 од 23 декември 2021 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (27.12.2021 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 10 февруари 2022 година, на локално ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не**

**постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно - не ја отстранил извршената повреда на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.** (*Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот*).

Со надзорот е констатирано дека на 10 февруари 2022 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуваше 1 час 2 минути и 32 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **4.43%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 31 минута и 43 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 10 февруари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:31:43), е 7 часа 3 минути и 31 секунда. ТВ ГУРРА емитуваше за 6 часа и 59 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 07:03:31) е 3 часа 31 минута и 45 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 1 час 2 минути и 32 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 2 часа 29 минути и 13 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**<u>Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево на 10 февруари 2022, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 23.12.2021 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот бр. 02-320/4 од 24.01.2020 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и во согласност со точката 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи

своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***